**СОЈУЗ НА МАТЕМАТИЧАРИ НА МАКЕДОНИЈА**
Бул. Александар Македонски, бб, п.ф. 10,
1130, Скопје, РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Тел. ++ 389 2 3116 053, ++ 389 76 220 414
e-mail: sojuz.na.matematicari@gmail.com
www.smm.com.mk
www.smm.org.mk

**UNION OF MATHEMATICIANS OF MACEDONIA**
BUL. Aleksandar Makedonski, bb, p.f. 10,
1130, Skopje, REPUBLIC OF MACEDONIA
Tel. ++ 389 2 3116 053, ++ 389 76 220 414
e-mail: sojuz.na.matematicari@gmail.com
www.smm.com.mk
www.smm.org.mk

СОЈУЗ НА МАТЕМАТИЧАРИ
НА МАКЕДОНИЈА
Бр. 25698/302
03.11. 2015 година
Скопје

До
Директорот
на ________________________________

**Предмет:** Известување за меѓународниот математички натпревар Европски математички куп 2015 (European mathematical cup; EMC)

Во периодот од 05.12-13.12. 2015 во многу земји од Европа и надвор од неа по четврт пат ќе се одржи веќе престижниот меѓународен математички натпревар Европски математички куп (EMC; истиот е хостиран на престижната математичка страна(портал): http://www.artofproblemsolving.com/). **Наградите од натпреварот се меѓународни**. Оваа година на натпреварот со свои претставници-натпреварувачи ќе учествува и Република Македонија, а организатор на натпреварот на територијата на Република Македонија е Сојузот на математичари на Македонија (СММ). Натпреварот се одржува во две категории Сениори и Јуниори. Вкупниот број на учесници од Република Македонија, оваа година, е 30(триесет). Учесниците на овој натпревар, ќе се избираат од усвоените ранг листи од пласманите на учениците од државните натпревари и минатодишните математички олипијади: ММО 2015 и ЈММО 2015, и меѓународните натпревари по математика на кои учествуваа нашите ученици до денот на заклучување на листите. На натпреварот може да учествуваат вкупно 30 натпреварувачи вкупно, по 15 натпреварувачи од секоја листа сениори/јуниори. Изборот на кандидати-натпреварувачи се врши според правилата пропишани од страна на организаторот на натпреварот (види страна www. mnm.hr) и според дополнителните правила кои ги донесе СММ, а се однесуваат само за учениците учесници на натпреварот од Република Македонија. Истите се дадени во прилог на крајот на овој допис. На натпреварот може да учествуваат и поголем број на натпреварувачи од една категорија, согласно правилото 2 од дополнителните правила што се во прилогот и се дел од овој допис. На натпреварот може да учествуваат и повеќе од 30 натпреварувачи, со посебна одлука на комисијата за меѓународни натпревари при СММ.

Натпреварот се одржува под **стандардите** на ИМО(International Mathematical Olympiad).

Денот на натпреварот е 11.12. 2015 година со почеток во 12 часот, а место на одржување е Унив. Св. Кирил и Методиј, Машински факултет-Скопје.

Крајниот рок за пријавување на натпреварувачите е 04.12.2015 година. Единствената листа на учесници ќе биде објавена на 06.12.2015 година на страната на СММ: www.smm.com.mk . Учениците се пријавуваат сами или официјално ги пријавуваат нивните училишта на e-mail адресата: natprevari.smm@gmail.com. Пријавувањето треба да е **навремено** заради составување на официјалната листа на учесници и нејзино **јавно објавување**.

Скопје, 03.11.2015 година

со почит
Претседател на СММ

Алекса Малчески